**ЗАПИСНИК**
**од 2-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 13.01.2020 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Зоран Фиданоски, Лазар Трајчев, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Селвер Ајдини (оправдано отсутен, годишен одмор).

**На седницата не беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (годишен одмор).**

**На седницата директорот го заменуваше раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот м-р Драгица Љубевска, со овластување бр.03-5156/1 од 26.11.2019 година.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, м-р Ивона Муфишева Алексовска, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 2-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:15 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски информира дека на седницата ќе биде отсутен г-дин Ајдини бидејќи е на годишен одмор. Исто така објасни дека поради користење на денови од годишен одмор ќе биде отсутен и директорот на Агенцијата г-дин Трајчевски а на седницата ќе го заменува раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот м-р Драгица Љубевска.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 6 гласа „за“ го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од првото продолжение на 48-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 03.01.2020 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 1-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 03.01.2020 година.
3. Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на ТРД ТВ КИСС, Злате ДООЕЛ Тетово.

4. Предлог за покренување на постапка за одземање на дозвола за радио емитување.
5. Предлог-одлука за одбивање на писмено барање од заинтересирана страна за донесување одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на подрачјето на општина Тетово.
6. Разно

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 5 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Јанчески го усвои Записникот од првото продолжение на 48-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 03.01.2020 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно со 6 гласа „за" го усвои Записникот од 1-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 03.01.2020 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот м-р Драгица Љубевска го образложи Предлог-решението за бришење од регистарот на радиодифузери на ТРД ТВ КИСС, Злате ДООЕЛ Тетово. Објасни дека Советот на Агенцијата на 1-та седница која беше одржана на 03.01.2020 година донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТВ КИСС од Тетово. Со оглед на тоа што следниот чекор по одземање на дозволата согласно Законот е бришење од регистарот на радиодифузери, до Советот е предложено соодветното решение.

Г-дин Петрушевски објасни дека одземањето на дозволата на наведениот радиодифузер е поврзано со трагичниот настан, смртта на сопственикот на телевизијата.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво ТВ КИСС Злате ДООЕЛ Тетово.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Раководителката Љубевска го образложи Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозвола за радио емитување. Објасни дека РА Капитол од

Скопје во февруари 2019 година достави допис со кој доброволно пријави дека ќе емитува 30% македонска музика. Согласно Насоките кои ги има донесено Советот на Агенцијата, музиката треба да биде емитувана во периодот од 06 часот наутро до полноќ. На 6 септември минатата година направен е редовен надзор на радиодифузерот и констатирано е дека не емитувал 30% од доброволно пријавената музика. Изречена му е мерка јавна опомена, на 4 декември 2019 година му е направен контролен надзор со што е констатирано дека радиодифузерот не го отстранил прекршокот. Потоа му е подготвено и доставено Решение за доплата на надоместокот за дозволата и доставена му е фактура со рок на плаќање до 8 јануари 2020. Но, до рокот радиодифузерот го нема платено надоместокот и се предлага покренување на постапка за одземање на дозволата.

Г-дин Петрушевски рече, бидејќи се работи за околу 54 илјади денари кои треба радиодифузерот да ги плати и притоа од материјалите е видно дека ги примил фактурата и известувањето, праша дали од службата се вложиле напори и да се разговара со него?

Раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ објасни дека разговарал со радиодифузерот и притоа тој пријавил дека повторно ќе емитува домашна музика за 2020 година.

Г-дин Петрушевски рече дека сакал да се увери дека радиодифузерот е информиран на повеќе начини за да не дојде до ситуација дека тој не знае а Советот му ја одзема дозволата.

Раководителот Радуновиќ појасни дека по приемот на предлогот за покренување на постапката за одземање на дозволата радиодифузерот има рок од 15 дена да го плати надоместокот. Посочи дека уште во текот на утрешниот ден ќе го побараат и ќе го информираат дека тој рок почнал да тече. Денес Советот треба да покрене постапка и во рамките на тие 15 дена и доколку не изврши уплата ќе има предлог за одземање на дозволата.

Г-дин Петрушевски објасни дека му било важно дали се направени сите услови за да радиодифузерот биде навремено информиран, да ја знае сериозноста на ситуацијата.

Г-дин Фиданоски праша дали кога Секторот комуницирал со радиодифузерот, тој евентуално дал образложение зошто не ја емитувал музиката која самиот доброволно ја пријавил а за што добил дисконт на износот за надоместокот од страна на Агенцијата?

Раководителот Радуновиќ одговори дека радиодифузерот не дал образложение во таа насока.

Г-дин Петрушевски праша дали сака некој друг да се јави за дискусија и рече дека тој ќе го поддржи предлогот за покренување постапка бидејќи е согласно Законот. Радиодифузерот има време да ги собере средствата и да ги плати доколку сака да продолжи со работа. Сепак се работи за радио кое емитува програма во главниот град на нашата држава и најверојатно РА Капитол и понатаму би сакал да ја задржи дозволата за радио емитување.

Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, бр.08-81 од 05.01.2015 година поради прекршување на член 80 став 5 а согласно

член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-180/1 од 09.01.2020 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2019-100-0230 од 26.12.2019 година заклучно со 08.01.2020 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, не извршил уплата во износ од 54,679.00 (педесет и четири илјади шестотини седумдесет и девет) денари.

Г-дин Петрушевски по гласањето уште еднаш напомена службата навремено и прецизно да го информира, да му го каже последниот датум за плаќање на фактурата, да си знае за да не дојде до несакани последици.

**Точка 5**

Раководителката Љубевска ја образложи Предлог-одлуката за одбивање на писмено барање од заинтересирана страна за донесување одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на подрачјето на општина Тетово. Објасни дека на 19 декември 2019 година од страна на странско правно лице „Медија 7 Косово“ ЈП од Косово во Агенцијата беше доставено Писмено барање. Во таа насока Агенцијата се обрати до АЕК со барање за доставување информација дали има слободни фреквенции на ова подрачје. Од АЕК стигна одговор дека Секторот за радио комуникации извршил детални технички анализи на радио простирањето во сервисната зона на градот Тетово и врз основа на резултатите од мерењата и анализите констатирано е дека за локално емитување на радио програма во градот Тетово нема можност за нова фреквенциска доделба. Од овие причини се предлага да се одбие барањето на подносителот.

Г-дин Петрушевски рече дека би го интересирало зошто барателот прво не се јавил да се информира бидејќи тој вложил напори, енергија и време. Тој испратил само барање по електронска пошта.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за одбивање на Писменото барање од заинтересираната страна, странско правно лице „Медија 7 Косово“ ЈП од Косово претставувано од физичкото лице Енкелејда Шелбурн (наш Уп1 бр.08-551 од 19.12.2019 година) за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво на подрачјето на општина Тетово, со оглед дека согласно со Планот за доделување и користење на радиофреквенциите, а врз основа на Известувањето бр.0805-56 од 08.01.2020 година (наш Уп1 бр.08-551 од 09.01.2020 година), доставено од Агенцијата за електронски комуникации се утврди дека нема слободна радиофреквенција за радио емитување на програмски сервис на подрачјето на општина Тетово односно дека нема можност за определување на нова фреквенциска доделба.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Г-дин Петрушевски рече да се информира Барателот и доколку сака може да побара друга општина каде што има слободни фреквенции или да чека.

**Точка 6**

**Разно**

Немаше Точки под Разно

**Бр. 02-182/5**
**15.01.2020 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**